# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 15 Јуни 2009 година<br>Службен гласник број 9<br>Овој примерок чини 50 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Жиро с-ка при Комерцијална банка – Филијала Прилеп<br>300020000208779<br>ЕДБ 4021996117695 |

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕСТАНОК И ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР-ОБЈЕКТ НА УЛИЦА "МОША ПИЈАДЕ" НА КП БР. 15627/9 ВО ПРИЛЕП**

1. Одлуката за престанок и давање на користење на недвижна ствар-објект на улица "Моша Пијаде" на КП бр. 15627/9 во Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1478/1
15.06.2009 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 67 од Законот за локалната самоуправа (“Сл весник на РМ” бр.5/02), член 92, 93 и 95 од Статутот на општина Прилеп(“Сл. Гласник на општина Прилеп” бр. 6/03,4/05 и 11/08), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 11.06.2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за престанок и давање на користење на недвижна ствар- објект на улица “Моша Пијаде” на КП. Бр. 15627/9
во Прилеп

Член 1

Со оваа одлука на Медицински центар “Борка Талески” Прилеп му престанува правото на користење на објектот кој се наоѓа на улица “Моша Пијаде” на КП. Бр. 15627/9, сопственост на општина Прилеп, во површина од 281м2 од кои под објект 219 м2 запишан во имотен лист бр.39727 за КО Прилеп.

Член 2

Недвижниот имот од членот 1 на оваа одлука се дава на користење на Здружение на родители на деца заболени од церебрална парализа кои исклучиво ќе ги користи за извршување на регистрираната дејност, односно за “Дневен центар “ за деца заболени од церебрална парализа.

Член 3

Здружението на име компензација за користење на објектот се обврзува да изврши градежни работи-реконструкција, адаптација како и други градежни зафати на објектот и просториите вио него со свои средства кои најмалку ќе изнесуваат 25.000 евра.

Член 4

Здружението и општината ке склучат договор за соработка со кој договор поблиску ке бидат уредени правата и обврските помегу двете страни.
Здружението објектот ке го користи 10 години сметано од денот на потпишувањето на мегусебниот договор.
Реконструкцијата- адаптацијата и другите градежни зафати здружението треба да ги започне во рок од една година од потпишување на договорот.

Член 5

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Бр.о7-1459/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
12.06.2009 год. на Советот на општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стеванаџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ ОПРЕМА ЗА КОМЕРЦИЈАЛНИ УСЛУГИ - ВРЕМЕН ПАЗАР ВО НАСЕЛБАТА "ТРИЗЛА"**

1. Одлуката за поставување опрема за комерцијални услуги - Времен пазар во населбата "Тризла", се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1478/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.06.2009 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

По барање на жителите на населбата "Тризла " а врз основа на член 13 и 14 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 година) и член 31 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на РМ" бр. 5/2002 год.) Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 11.06.2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за поставување опрема за комерцијални услуги времен пазар во населбата "Тризла"

Член 1

Со оваа Одлука се уредува начинот на поставување и користење на мебел и опрема на изградена инфраструктура,за нормално функционирање на времен пазар.

Член 2

Под изградена инфраструктура са подразбира: плоштади, тротоари, пешачки улици и површини јавни пешачки површини).

Член 3

При поставување на мебел и опрема на јавни пешачки површини,мора да се обезбедат услови за непречено и безбедно одвивање на пешачкото движење.

Член 4

Мебелот и опремата што се користат за давање на комерцијални услуги на јавните пешачки површини не смееат да бидат прицврстени за подлогата за да не се оштетува и заради нивно лесно отстранување.

Член 5

Надлежниот орган издава дозвола за комерцијална употреба на јавна пешачка површина

Дозволата содржи

- назив и седиште на барателот
- времетраењето на важноста на дозволата
- опис на комерцијалната дејност за која се издава дозволата
- детален цртеж во размер 1: 50 со приказ на јавната јавната пешачка површина на која се дозволува вршење на дејноста и на сите елементи,мебел и опрема и начинот на нивното поставување .

Член 6

Издадената дозвола гласи на ЈП " Пазари" - Прилеп.

Дозволата не може да се пренесе на друго лице.

Член 7

Инспекциски надзор врз спроведување на оваа одлука врши Општинскиот инспекторат.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во " Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1459/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
12.06.2009 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стеванаџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ ОПРЕМА ЗА КОМЕРЦИЈАЛНИ УСЛУГИ - ВРЕМЕН ПАЗАР ВО НАСЕЛБАТА "КУЗМАН 2"**

1. Одлуката за поставување опрема за комерцијални услуги - Времен пазар во населбата "Кузман 2", се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 -1478 /3
15.06.2009 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

По барање на жителите на населбата " Кузман 2", а врз основа на член 13 и 14 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 год.) и член 31 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на РМ" бр. 5/2002 год.) Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 11.06.2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за поставување опрема за комерцијални услуги времен пазар во населбата "Кузман 2"

Член 1

Со оваа Одлука се уредува начинот на поставување и користење на мебел и опрема на изградена инфраструктура,за нормално функционирање на времен пазар.

Член 2

Под изградена инфраструктура са подразбира: плоштади, тротоари, пешачки улици и површини јавни пешачки површини.

Член 3

При поставување на мебел и опрема на јавни пешачки површини,мора да се обезбедат услови за непречено и безбедно одвивање на пешачкото движење.

Член 4

Мебелот и опремата што се користат за давање на комерцијални услуги на јавните пешачки површини не смееат да бидат прицврстени за подлогата за да не се оштетува и заради нивно лесно отстранување.

Член 5

Надлежниот орган издава дозвола за комерцијална употреба на јавна пешачка површина

Дозволата содржи:

- назив и седиште на барателот
- времетраењето на важноста на дозволата
- опис на комерцијалната дејност за која се издава дозволата
- детален цртеж во размер 1: 50 со приказ на јавната јавната пешачка површина на која се дозволува вршење на дејноста и на сите елементи,мебел и опрема и начинот на нивното поставување .

Член 6

Издадената дозвола гласи на ЈП " Пазари" - Прилеп.

Дозволата не може да се пренесе на друго лице.

Член 7

Инспекциски надзор врз спроведување на оваа одлука врши Општинскиот инспекторат.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во " Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1459/5
12.06.2009 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИТЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ЗА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ ВО 2009 ГОДИНА**

1. Одлуката за надоместок на трошоците на политичките партии за локалните избори во 2009 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1478/4
15.06.2009 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 86 став 3 од Изборниот законик (“Службен весник на РМ” бр. 40/2006), член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 11.06.2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за надоместок на трошоците на политичките партии за локалните избори во 2009 година

Член 1

На организаторите на изборната кампања чии кандидати се избрани за членови на Советот на Општина Прилеп, односно Градоначалник на Општина Прилеп им се определува надоместок на трошоците за изборите во 2009 година, за секој добиен глас по 15 денари и тоа:

а) За избрани членови на Советот:

- На коалицијата ВМРО - ДПМНЕ +, за 18.445 гласови, 276.675 ден.;
- На Социјал Демократска Унија , за 1.571 гласови, 23.565 ден.
- На коалицијата ВМРО - ДП и ТМОРО-ВЕП, за 2.322 гласови, 34.830 ден.;
- На СДСМ , за 9.387 гласови, 140.805 денари;
- На ВМРО - Народна партија за 2.580 гласови, 38.700 ден.
- На НСДП за 1.293 гласови, 19.395 ден.
- На ПОДЕМ за 2.019 гласови, 30.285 ден.

односно вкупно 564.255 денари,

б) За избран Градоначалник на Општина Прилеп,

- На коалицијата ВМРО ДПМНЕ + , за добиени 29.266 гласови, 438.990 денари,

в) Се вкупно да се исплатат: 1.003.245 денари.

Член 2

Надоместокот на трошоците за изборите од член 1 на оваа Одлука, ќе се исплати од Буџетот на општина Прилеп за 2009 година, во рок од (три) 3 месеци по поднесувањето на финансиските извештаи за изборната кампања.

Член 3

Одлуката да се достави до политичките партии, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1459/6 | ПРЕТСЕДАТЕЛ
12.06.2009 година | на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п | Димитар Стevananџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА И ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈКП "ПАЗАРИ" - ПРИЛЕП ЗА 2008 ГОДИНА**

1. Решението за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈКП "Пазари" - Прилеп за 2008 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1478/5 | ГРАДОНАЧАЛНИК
15.06.2009 година | на Општина Прилеп
П р и л е п | Марјан Ристески

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96, 6/2002, 40/2003 и 49/2006), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 11.06.2009 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈКП "Пазари" - Прилеп за 2008 година

1. Се дава согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈКП "Пазари" Прилеп за 2008 година.
2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1459/7 | ПРЕТСЕДАТЕЛ
12.06.2009 година | на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п | Димитар Стevananџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА И ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ЈКП“КОМУНАЛЕЦ” - ПРИЛЕП ЗА 2008 ГОДИНА**

1. Решението за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за реализација на програмата за работа на ЈКП “Комуналец” - Прилеп за 2008 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1478/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.06.2009 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавни претпријатија (“Службен весник на РМ” бр. 38/96, 6/2002, 40/2003 и 49/2006), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 11.06.2009 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈКП “Комуналец” - Прилеп за 2008 година

1. Се дава согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈКП “Комуналец” Прилеп за 2008 година.
2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 - 1459/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
12.06.2009 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НАГОДИШНАТА СМЕТКА НА ДООЕЛ “ТЕРМИНАЛ -КОМУНАЛЕЦ” - ПРИЛЕП ЗА 2008 ГОДИНА**

1. Решението за давање согласност на Годишната сметка на ДООЕЛ “Терминал-Комуналец” - Прилеп за 2008 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 -1478 /7 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.06.2009 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавни претпријатија (“Службен весник на РМ” бр. 38/96, 6/2002, 40/2003 и 49/2006), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 11.06.2009 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за давање согласност на Годишната сметка на ДООЕЛ “Терминал-Комуналец” - Прилеп за 2008 година

1. Се дава согласност на Годишната сметка на ДООЕЛ “Терминал-Комуналец” Прилеп за 2008 година.
2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 - 1459/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
12.06.2009 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА И ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП ЗА “ПУП” - ПРИЛЕП ЗА 2008 ГОДИНА**

1. Решението за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈП за "ПУП" - Прилеп за 2008 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1478/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.06.2009 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96, 6/2002, 40/2003 и 49/2006), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 11.06.2009 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈП за "ПУП" - Прилеп за 2008 година

1. Се дава согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈП за "ПУП" Прилеп за 2008 година.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1459/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
12.06.2009 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стеванаnџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА**

1. Решението за разрешување и именување членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 -1478 /9 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.06.2009 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 391 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РМ" 14/98), член 22 став 1 точка 4, член 32 и 36 од Законот за Локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003) и членовите 4 и 5 од Одлуката за основање на Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 4/2002), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на11.06.2009 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за разрешување и изменување членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата

1. Се разрешуваат членовите на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата именувани со Решение ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 5/03, 4/06 и 4/08).

2. За членови на Општинскиот совет за безбеност на сообраќајот на патиштата се именуваат:

- Димитар Стеванаnџија, претседател;
- Оливер Лукароски, секретар;
- Илија Карески, член;
- Златко Петрески, член;
- Пеце Андоноски, член;
- Кирил Наумоски, член;
- Блаже Бошкоски, член;
- Љупчо Спиркоски, член;
- Златко Илиоски, член;
- Марјан Матракоски, член,
- Горан Јошески, член,
- Томислав Белакапоски, член и
- Соња Блажеска, член.

3. Решението да се достави до именованите, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

4. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1459/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
12.06.2009 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стеванаnџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА, ДЕЛОКРУГОТ И НАЧИНОТ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ПРИЛЕП

1. Одлуката за измена на Одлуката за организација, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

| | |
|---|---|
| Број 08 - 1478/10 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 15.06.2009 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Марјан Ристески |

Врз основа на член 57 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„бр.5/2002) и член 26 став 1 точка 26 од Статутот на општина Прилеп („Службен гласник на општина Прилеп„ бр.6/2003 и 4/2005), како и врз основа на член 13 од Уредбата за внатрешната организација на органите на Управата („Службен весник на РМ" бр.105/2007), Советот на Општина Прилеп, на седницата одржана на 11.06.2009 година, донесе:

## О Д Л У К А
## за измена на Одлуката за организација, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Прилеп

Член 1

Во Одлуката за организација, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општина Прилеп бр.07- 677/17 од 14.03.2008 година, во членот 6 во точката 1 во алинејата 1 зборот „ и општи„ се брише.

По алинејата 1 се додава нова алинеја 2 која гласи:

„- Одделение за општи работи„

Алинеите 2, 3 и 4 стануваат алинеи 3, 4 и 5.

Член 2

Во членот 8 зборот „и општи„ се брише.

Член 3

По членот 8 се додава нов член 8-а кој гласи:

„Член 8-а

**Одделението за општи работи** ги врши работите што се однесуваат на: обезбедување на непречено одржување на редот во општинската зграда, упатување на странките до надлежните служби и канцеларии, обезбедување на непречено работење на опремата, инвентарот и инсталациите во работните простории, добавка на канцелариски материјали, ситна опрема и инвентар и евиденција на залихите на материјали, обезбедување на непречено функционирање на моторните визила, достава на материјали за потребите на Советот на општината и општинската администрација, возење по потреба , раководни, стручни, стручно-административни државни службеници, обезбедување на непречено снабдување и достава на услуги на варење на кафе, чај и други пијалоци.„

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Прилеп„ а ќе се применува по добиената согласност од Агенцијата за државни службеници на РМ.

| | |
|---|---|
| Број 07- 1459/2 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 12.06.2009 година | на Советот на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Димитар Стевананција |

**С О Д Р Ж И Н А**
**на "Службен гласник на Општина Прилеп"**
**бр. 9 од 15.06.2009 година**

1. Одлука за престанок и давање на користење на недвижна ствар-објект на улица "Моша Пијаде" на КП бр. 15627/9 во Прилеп**.......................................стр. 1**

2. Одлука за поставување опрема за комерцијални услуги - Времен пазар во населбата "Тризла"**...............................................................................стр. 2**

3. Одлука за поставување опрема за комерцијални услуги - Времен пазар во населбата "Кузман 2"**..........................................................................стр. 3**

4. Одлука за надоместок на трошоците на политичките партии за локалните избори во 2009 година**...................................................................стр. 4**

5. Решение за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈКП "Пазари" - Прилеп за 2008 година. **....................................стр. 4**

6. Решение за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за реализација на Програмата за работа на ЈКП "Комуналец" - Прилеп за 2008 година. **.........................................................................................................стр. 5**

7. Решение за давање согласност на Годишната сметка на ДООЕЛ "Терминал -Комуналец" - Прилеп за 2008 година. **...........................................стр. 5**

8. Решение за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈП за "ПУП " - Прилеп за 2008 година**...................................стр. 6**

9. Решение за разрешување и именување членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата**........................................................стр. 6**

10. Одлуката за измена на Одлуката за организација, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Прилеп **...........................................................................................................................стр. 7**

Издава: Општина Прилеп. Главен и одговорен уредник: Марјан Ристески – Градоначалник на Општина Прилеп. Дизајн и компјутерска обработка: Горица Чатлеска. Печати: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 60 примероци.